**Врз основа на член 2 став 4 од Законот за отпишување на камати на доспеани обврски по основ на даноци и придонеси за задолжително социјално осигурување ("Службен весник на Република Македонија", бр. 159/2008), министерот за финансии донесе**

# Правилник за формата и содржината на образецот на барањето за отпишување на пресметани неплатени камати по основ на обврски за јавни давачки и потребната документација

## Член 1

Со овој правилник се уредува формата и содржината на образецот на барањето за отпишување на пресметани неплатени камати по основ на обврските за јавни давачки и потребната документација.

## Член 2

Барањето за отпишување на пресметани неплатени камати по основ на обврските за јавни давачки се поднесува до Регионалната дирекција на Управата за јавни приходи, според седиштето / живеалиштето на даночниот обврзник, на образец БОК - Барање за отпис на пресметани неплатени камати по основ на обврските за јавни давачки кои доспеале за плаќање до 31.12.2008 година, кое е составен дел на овој правилник.

## Член 3

Образецот БОК содржи податоци за: подносителот на барањето, видот на јавните давачки, спецификација на долгот во која се наведуваат даночните периоди за кои се однесува даночниот долг по поделните видови на јавни давачки, основицата (даночниот долг) на кој се пресметува камата, пресметаната камата заклучно со 31.12.2008 година и се наведуваат прилозите кои се доставуваат заедно со барањето, напомена, датум на поднесување со потпис на барателот и датум на обработка со потпис на обработувачот.

## Член 4

Кон барањето се поднесува следната документација:

1)Спецификација за поодделните видови на даноци според троцифрените нумерации за кои постои различен период на доспеаност,

2)Копија на решенијата издадени од соодветниот орган, и

3)Копија на даночните пријави составени за соодветниот даночен период.

## Член 5

Овој правилник влегува во сила наредниот ден од денот на објавувањето во "Службен весник на Република Македонија".

**Број 11-49875/2-08**

**Јануари 2009 година** **МИНИСТЕР ЗА ФИНАНСИИ**

**С к о п ј е** **д-р Трајко Славески**